# А - дозвола за усогласување со оперативен план

**Име на компанијата**: Пелагонија А.Д . Гостивар

**Адреса :** Ул. Браќа Гиновски бб

**Број на дозвола**

**Бр.**

# Содржина

Дозвола за усогласување со оперативен план ... 1

Содржина ... 2

**Речник на користени поими ... 5**

Вовед ... 9

Краток опис на инсталацијата регулирана со оваа дозвола ... 10

Дозвола ... 15

1 Инсталација за која се издава дозволата ... 16

2 Работа на инсталацијата ... 19
**2.1 Техники на управување и контрола ... 19**
**2.2 Суровини (вклучувајќи и вода) ... 22**
**2.3 Техники на работа ... 23**
**2.4 Заштита на подземните води ... 23**
**2.5 Ракување и складирање на отпадот ... 24**
**2.6 Преработка и одлагање на отпад ... 27**
**2.7 Енергетска ефикасност ... 27**
**2.8 Спречување и контрола на несакани дејствија ... 27**
**2.9 Бучава и вибрации ... 29**
**2.10 Мониторинг ... 29**
**2.11 Престанок на работа ... 30**
**2.12 Инсталации со повеќе оператори ... 32**

3 Документација ... 33

4 Редовни извештаи ... 35

5 Известувања ... 37

6 Емисии ... 39
**6.1 Емисии во воздух ... 39**
**6.1 Емисии во почва ... 43**
**6.2 Емисии во вода (различни од емисиите во канализација) ... 44**
**6.4 Емисии во канализација ... 44**
**6.5 Емисии на топлина ... 44**
**6.6 Емисии на бучава и вибрации ... 45**

7 Пренос до пречистителна станица за отпадни води ... 46

8 Услови надвор од локацијата ... 47

9 Оперативен план ... 48

10 Договор за промени во пишана форма ... 56

Додаток 1 ... 57

Додаток 2 ........................................................................................................................ 58

Додаток 3 ........................................................................................................................ 59

# Речник на користени поими

| | |
|---|---|
| **Аеросол** | Суспензија на цврсти и течни честички во гасен медиум. |
| **Атмосферска вода** | Дождовна вода што дотекува од покриви и места каде што не се одвиваат процесите. |
| **Барање** | Барањето поднесено од страна на Операторот за оваа Дозвола |
| **Би-годишно** | Цел или дел од шест последователни месеци |
| **БПК$_5$** | Биолошка потрошувачка на кислород за 5 дена |
| **ВОЈ** | Вкупен Органски Јаглерод |
| **ГИЖС** | Годишен извештај за животна средина |
| **Годишно** | Приближно во интервали на 12 месеци<br>Период или дел од период од 12 последователни месеци |
| **Градежен отпад и отпад од рушење** | Отпад што потекнува од градење, реновирање и рушење: глава 17 од националниот каталог на отпади или како што е договорено на друг начин. |
| **Гранични вредности на емисија** | Оние гранични вредности на емисија кои се дадени во Поглавје 6 од оваа Дозвола |
| **Граница за масен проток** | Гранична вредност на емисија која е изразена како максимална маса на една супстација што може да биде емитирана во единица време. |
| **ГХ/МС** | Гасна хроматографија / Масена спектрометрија |
| **dB(A)** | Децибели |
| **Двегодишно/ биенално** | Еднаш на секои две години |
| **Ден** | Секој период од 24 часа |
| **Дневно** | За време на сите денови од работата на инсталацијата и во случај на емисии, кога емисиите се одвиваат; со најмалку едно мерење во било кој еден ден. |
| **Дневно време** | Периодот од 08.00 до 22.00 (сите промени треба да се одразат на дефиницијата за „ноќно време“). |
| **Договор** | Писмен договор |
| **Документација** | Секој извештај, запис, податок, слика, предлог, интерпретација или друг документ во пишана или |

| | |
|---|---|
| | електронска форма кој се бара со оваа Дозвола. |
| **Еколошка штета** | Согласно дефиницијата за еколошка штета во член 5 точка 51 од Законот за животна средина |
| **ЕС** | Електро-спроводливост (µS/sm) |
| **ЕФТ** | Еквивалентен Фактор на Токсичност |
| **Индустриски не опасен отпад** | Согласно дефиницијата за „индустриски неопасен отпад“ во член 6 од Законот за управување со отпад: Индустриски неопасен отпад е отпадот што се создава при производствените процеси во индустријата и не содржи опасни карактеристики, а според својствата, составот и количеството се разликува од комуналниот отпад. |
| **Инсталација** | Согласно дефиницијата за „инсталација“ од член 5 точка 35 од Законот за животна средина:<br>- во однос на интегрираните еколошки дозволи, е неподвижна техничка единица каде што се вршат една или повеќе пропишани активности и активности кои се непосредно поврзани со нив, а кои би можеле да имаат ефект врз емисиите и врз загадувањето;<br>- во однос на спречувањето и контролата на хавариите со учество на опасни супстанции, инсталација е техничка единица во рамките на еден систем во кој се произведуваат, употребуваат, складираат или се ракува со опасни супстанции. Таа ја вклучува целокупната опрема, објектите, цевководите, машините, алатките, приватните железнички споредни колосеци, станиците за истовар кои ја опслужуваат инсталацијата, складовите или сличните градби, потребни за работа на инсталацијата. |
| **ИСКЗ** | Интегрирано спречување и контрола на загадувањето |
| **Инцидент** | (а) итен случај;<br>(б) секоја емисија што не е во согласност со условите од оваа Дозвола;<br>(в) секое ниво, дадено во ова Дозвола, а е достигнато или надминато, и<br>(г) секоја индикација дека загадување на животната средина се случило или може да се случи. |
| **К** | Келвин (единица мерка за температура). |
| **Капацитет/ опрема за задржување** | Опрема наменета за задржување на евентуално истечен материјал |
| **Квартално** | Цел или дел од период од три последователни месеци, почнувајќи од првиот ден на Јануари, Април, Јули или Октомври. |
| **kPa** | Кило Паскали |
| **Leq** | Еквивалентно континуирано ниво на звук |
| **Локација** | Секоја населена куќа, хотел или хостел, болници, |

| | |
|---|---|
| **чувствителна на бучава (ЛЧБ)** | училишта, верски објекти, или било други места и објекти за кои е потребно отсуство на бучава со нивоа кои предизвикуваат непријатност. |
| **Македонски каталог на отпад / Листа на видови отпади (ЛВО)** | Листа на видови отпади, Службен весник бр.100/05 |
| **Месечно** | Минимум 12 пати во текот на една година, приближно во месечни интервали |
| **МЖСПП** | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| **Надлежен орган** | Тело одговорно за издавање на ИСКЗ дозволи |
| **НДТ** | Најдобри Достапни Техники |
| **Неделно** | За време на сите недели од работата на инсталацијта и во случај на емисии, кога има емисија; со минимум едно мерење во било која недела |
| **Ноќно време** | Од 22.00 до 08.00 часот (сите промени треба да се одразат на дефиницијата за „дневно време“) |
| **Одржување** | Чување во добра состојба, вклучувајќи и редовна инспекција, сервисирање, калибрација и поправки доколку се потребни, со цел адекватно да се извршува функцијата. |
| **Оператор** | Согласно дефиницијата за „Оператор“ од член 5 точка 40 од Законот за животна средина:<br>- секое правно или физичко лице кое врши професионална активност, или врши активности преку инсталацијата и/или ја контролира, или лице на кое му се доверени или делегирани овластувања за донесување економски одлуки во однос на активноста или техничкото работење, вклучувајќи го и носителот на Дозволата или овластување за таквата активност, односно лицето кое е задолжено да регистрира или алармира за активноста. |
| **Праг за масен проток** | Количина на масен проток, над која се применува ограничување со МДК |
| **ПРЕО** | Проценка на ризикот од еколошка одговорност |
| **Прилог** | Секое повикување на Прилог од оваа Дозвола се однесува на прилозите поднесени како дел од оваа Дозвола |
| **Примерок** | Доколку контекстот на оваа Дозвола не кажува нешто спротивно, примерокот ќе вклучи мерење со електронски инструменти |
| **ПСОВ** | Пречистителна Станица за Отпадни Води |

| | |
|---|---|
| **ПУЖС** | Програма за Управување со Животната Средина |
| **ПУР** | План за Управување со Ризици |
| **ПУРЗ** | План за Управување со Ризикот по Затворање |
| **Работни часови** | Часови/време во кое инсталацијата има Дозвола/е овластена да работи |
| **РИПЗМ** | Регистер на Испуштање и Пренесување на Загадувачки Материи |
| **РК** | Растворен кислород |
| **Санитарен/ комунален ефлуент** | Отпадни води од тоалетите, местата за миење и кантината во инсталацијата |
| **СИСП/IPC** | Спректроскопија со Индуктивно Спрегната Плазма |
| **Слика** | Секое повикување на слика или број на слика значи слика или број на слика содржани во барањето, освен ако не е на друг начин договорено. |
| **Соодветно осветлување (светло)** | 20 лукса, мерено на ниво на почва |
| **Стандардна Метода** | Национална, европска или интернационално признаена процедура (пр. EN, ISO, CEN, BS или еквивалентно). |
| **Течен отпад** | Било кој отпад во течна форма и што содржи помалку од 2% сува материја. |
| **Тешки метали** | Тешки метали се група на елементи меѓу бакар и бизмут во периодниот систем на елементи - со специфична густина поголема од 4.0 $g/cm^3$ |
| **ХПК** | Хемиска потрошувачка на кислород |
| **CEN** | Comité Européen De Normalisation - Европска Комисија за стандардизација |
| **Часови за прифаќање на отпад** | Часови во кои на инсталацијата и е дозволено да прифаќа отпад |

# Вовед

***Овие воведни белешки не се дел од дозволата***

Следната дозвола е издадена согласно Законот за животна средина (Службен весник 53/05,81/05,24/07,159/08,83/09, 48/10) за работа на инсталација што извршува една или повеќе активности наведени во Уредбата на Владата за
“Определување на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола со временски распоред за поднесување оперативни планови ", до одобреното ниво во Дозволата.

## Краток опис на инсталацијата регулирана со оваа дозвола

Инсталацијата Пелагонија А.Д Гостивар е лоцирана во месноста Краста, северно од градот Гостивар и тоа на растојание од околу 10 км од центарот на градот. Таа се протега веднаш до магистралниот пат Гостивар - Кичево, во атарот на селата Ново Село и Церово. Од северната односно влезната страна на објектот се протега магистралниот пат Гостивар - Кичево, додека од источната страна се граничи со приватното претпријатие вМикрогранулатг од Тетово кое исто така се занимава со експлоатација и сепарирање на мермеризиран варовник. Од останатите две страни се протега ридско земјиште обраснато со трева и слабо застапени грмушести растенија .

Во 1995 година е изработен Главен рударски проект за површинска експлоатација на мермеризиран варовник од лежиштето Краста - Гостивар и веднаш потоа започнала експлоатацијата на рудникот на отворен површински коп со годишен капацитет од 80.000 $м^3$ рудна маса.

Објектот се протега на плац со површина од 0,39 $км^2$, осветлен е и ограден со жица од предната страна. Инсталацијата е поделена во следните организациски единици:

- *површински коп на варовник,*
- *сепарација,*
- *асфалтна база,*
- *машинско одржување со работилница и*
- *канцелариски простории.*

Дворното место се користи за паркирање на камионите и останатата механизација, додека манипулативните површини и пристапниот пат овозможуваат пристап и движење на лесни и тешки товарни возила.

Деловните простории и земјиштето се протегаат на површини прикажани во следната табела.

| 1 ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИИ И РАСПОЖЛИВО ЗЕМЈИШТЕ | **површина во м²** |
|---|---|
| *1. Канцеларија со работилница и разервоар за нафта* | **80** |
| *2. Површински коп со пристапен пат* | **2.800** |
| *3. Простор за сепарација* | **500** |
| *4. Асфалтна база* | **220** |
| *5. Паркинг за механизација* | **300** |
| ***Вкупно:*** | **3.900** |

Друштвото за градежништво, производство, инженеринг увоз - извоз Пелагонија А.Д. Гостивар, има концесија за експлоатација на минералната суровина градежно технички камен - мермеризиран варовник на лежиштето Краста. Концесијата е издадена за период од 30 години со можност за продолжување од уште еден период од 30 години Со овој договор концесионерот е обврзан да врши рамномерна и рационална експлоатација според Главниот рударскиот проект за површинска експлоатација.

| **Други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација** | | |
|---|---|---|
| Сопственик на дозволата | Број на дозвола | Дата на издавање |
| Нема | / | / |

| **Заменети дозволи/Согласности/Овластувања поврзани со оваа инсталација** | | |
|---|---|---|
| Сопственик | Референтен број | Дата на издавање |
| Нема | / | / |

## Комуникација

Доколку сакате да контактирате со Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина (во понатамошниот текст Надлежниот орган) во врска со оваа дозвола, ве молиме наведете го Бројот на дозволата.

За било какаква комуникација, контактирајте го Надлежниот орган на адресата **Булевар "Гоце Делчев"бб МТВ, 1000 Скопје**

## Доверливост

Дозволата го обврзува Операторот да доставува податоци до Надлежниот орган. Надлежниот орган ќе ги стави податоците во јавните регистри, согласно потребите на Законот за животна средина. Доколку Операторот смета дека било кои од обезбедените податоци се деловно доверливи, може да се обрати до Надлежниот орган да ги изземе истите од регистарот, согласно Законот за животна средина. За да и овозможи на Надлежниот орган да определи дали податоците се деловно доверливи, Операторот треба истите јасно да ги дефинира и да наведе јасни и прецизни причини поради кои бара изземање. Операторот може да наведе кои документи или делови од нив ги смета за деловно или индустриски доверливи, согласно Законот за животна средина, чл.55 ст. 2, точка 4. Операторот ќе ја наведе причината поради која Надлежниот орган треба да одобри доверливост. Податоците и причината за доверливост треба да бидат приложени кон барањето за интегрирана еколошка дозвола во посебен плик.

## Промени во дозволата

Оваа дозвола може да се менува во согласност со Законот за животна средина.

## Предавање на дозволата при престанок на работа на инсталацијата

При  делумен или целосен престанок со работа на инсталацијата , Операторот го известува органот . Со цел барањето да биде успешно, операторот мора да му покаже на Надлежниот орган, согласно член 120 ст. 3 од Законот за животна средина, дека не постои ризик од загадување и дека не се потребни понатамошни чекори за враќање на местото во задоволителна состојба.

## Пренос на дозволата

Пред да биде извршен целосен или делумен пренос на дозволата на друго лице, треба да се изготви заедничко барање за пренос на дозволата од страна на постоечкиот и предложениот сопственик, согласно член 118 од Законот за животна средина. Доколку дозволата овластува изведување на посебни активности од областа на управувањето со отпад, тогаш е потребно да се приложи уверение за положен стручен испит за управување со отпад за лицето задолжено за таа активност.

## Преглед на барани и доставени документи

| **Предмет** | **Датум** | **Коментар** |
|---|---|---|
| Барање {Бр.} | Добиено | |
| Барање Бр 11-5049 | 03.09.2007 | Доставено е барањето за добивање дозвола за усогласување со оперативен план |
| Заклучок | 23.06.2009 | |
| Дозвола Бр. | | Одлучено позитивно |

Дозвола

Закон за животна средина

# Дозвола

Број на дозвола

**Бр. од**

Надлежниот орган за животна средина во рамките на својата надлежност во согласност со член 95 од Законот за животна средина (Сл. весник Бр 53/05,81/05,24/07,159/08,83/09,48/10), го овластува

| | |
|---|---|
| оператор | Пелагонија А.Д Гостивар |
| со регистрирано седиште на Адреса**:** | Ул. Браќа Гиновски бб |
| Поштенски број Град: | 12300 Гостивар |
| Држава: | Македонија |
| Број на регистрација на компанијата : | (БДС) 5156432 |

да раководи со Инсталацијата

| | |
|---|---|
| Цело име на инсталацијата: | Пелагонија А.Д Гостивар |
| Адреса: | Ул. Браќа Гиновски бб |
| Поштенски број Град : | 12300 Гостивар |

во рамките на дозволата и условите во неа.

**М И Н И С Т Е Р**

**Dr. Nexhati Jakupi**

Датум

# Услови

## 2 Инсталација за која се издава дозволата

2.1.1 Операторот е овластен да изведува активности и/или поврзани активности наведени во Табела 1.1.1.

| **Табела** 1.1.1 | | |
|---|---|---|
| **Активност од Анекс 1 од Уредбата за определување на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола со временски распоред за поднесување оперативни планови** | **Опис на наведената активност** | **Граници на наведената активност** |
| **Точка 3.5** | **Стационарни асфалтни бази** | |

2.1.2 Активностите овластени во условите 1.1.1 ќе се одвиваат само во рамките на локацијата на инсталацијата, прикажана подолу .

| | |
|---|---|
| Координати на локацијата според Националниот координатен систем (10 цифри-5 Исток, 5 Север)[1] | (4.622.085;7.486.683);<br>(4.622.292;7.486.793);<br>(4.622.270;7.487.165);<br>(4.622.038;7.486.901);<br>(4.621.540;7.487.280) |

2.1.3 Оваа Дозвола е само за потребите на ИСКЗ според Законот за животната средина(Службен Весник на РМ 53/05,81/05,24/07,159/08,83/09,48/10) и ништо во оваа Дозвола не го ослободува Операторот од обврските за исполнување на условите и барањата од други закони и подзаконски акти.

.

2.1.4 Инсталацијата ќе работи, ќе се контролира и ќе се одржува и емисиите ќе бидат такви како што е наведено во оваа дозвола. Сите програми кои треба да се извршат според условите на оваа Дозвола стануваат дел од дозволата.

# 3 Работа на инсталацијата

## 3.1 Техники на управување и контрола

3.1.1 Инсталацијата за која се издава дозволата, согласно условите во дозволата, ќе биде управувана и контролирана онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.1.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

| **Табела 2.1.1 : Управување и контрола** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Поглавје III | Барање | 03.09.2007 |

3.1.2 Во инсталацијата за која се издава Дозволата ќе работи персонал кој е соодветно обучен и целосно запознаен со барањата од Дозволата.

3.1.3 Копија од Дозволата и оние делови од барањето кои се земени предвид во оваа Дозвола ќе бидат во секое време достапни до секој вработен чии должности се поврзани со некој од условите на оваа Дозвола.

2.1.4 Целиот персонал ќе биде целосно запознаен со оние условите од Дозволата, кои се однесуваат на нивните обврски и ќе им биде обезбедена соодветна обука и пишани инструкции за работа, со цел да им помогнат во извршување на нивните обврски.

2.1.5 Операторот ќе ангажира соодветно квалификуван и искусен менаџер на инсталацијата кој ќе биде назначен како одговорно лице. Менаџерот на инсталацијата или номинираното, соодветно квалификувано и искусно лице, во улога на заменик, треба да биде присутен во инсталацијата во секое време во текот на работата на инсталацијата или како што е поинаку назначено од страна на Надлежниот орган.

2.1.6 Операторот, не подоцна од 12 (дванаесет) месеци од денот на добивање на оваа Дозвола ќе воведе и одржува Систем за Управување со Животната Средина (СУЖС). Во СУЖС ќе бидат опфатени сите активности и ќе бидат разгледани сите практични решенија за употреба на почисти технологии, почисто производство и намалување и минимизација на отпадот. СУЖС како минимум ќе ги вклучи елементите наведени во условите од 2.1.8 до 2.1.15;

2.1.7 Распоред на целите и задачите за животната средина (РЦЗЖС)

2.1.7.1 Операторот ќе подготви РЦЗЖС. Во распоредот треба да биде вклучена временската рамка за исполнување на поставените цели и треба да се однесува на период од минимум пет години. Распоредот ќе се разгледува годишно а настанатите измените ќе се достават до Надлежниот орган на одобрување од негова страна како дел од ГИЖС (Годишен Извештај за Животна Средина).

2.1.8 Програма за управување со животната средина (ПУЖС)

2.1.8.1 Не подоцна од 6 (шест) месеци од датумот на издавањето на Дозволата, Операторот ќе му го достави на Надлежниот орган на согласност ПУЖС, вклучувајќи и временски распоред за остварување на целите и задачите за животната средина подготвени во условот 2.1.7. Штом се одобри, ПУЖС треба да се воведе и одржува од страна на Операторот и истиот треба да вклучи:

- Распределба на одговорностите за задачите;
- Средства со кои тие може да се остварат;
- Време во кое тие може да се достигнат.

2.1.8.2 ПУЖС ќе се разгледува годишно а соодветните измени ќе се доставуваат до Надлежниот орган на одобрување од негова страна како дел од Годишниот Извештај за животна средина (ГИЖС) (Услов 2.1.7).

2.1.8.3 Операторот, како дел од ГИЖС, ќе подготви и ќе достави до Надлежниот орган Извештај за програмата, вклучувајќи ги успесите во постигнувањето на договорените цели. Таквите извештаи треба да се чуваат во рамките на инсталацијата за период не помал од седум години и треба да се достапни за инспекција од овластените лица на Надлежниот орган.

2.1.9 Регистер на испуштање на загадувачки материи (РИЗМ)

2.1.9.1 Супстанциите кои ќе бидат вклучени во РИЗМ ќе бидат договорени со Надлежниот орган секоја година според листата специфицирана во упатството за ГИЖС. РИЗМ ќе биде подготвен во согласност со релевантно упатство издадено од страна на Надлежниот орган и ќе биде поднесен како дел од ГИЖС.

2.1.9.2 Во рок од 6 (шест) месеци од датумот на издавање на оваа Дозвола, Операторот ќе ја договори со Надлежниот орган листата на супстанции кои ќе бидат вклучени во РЗМС како и методологијата користена при нивно определување. Оваа листа треба да биде дел од ГИЖС.

2.1.10 Документација

2.1.10.1 Операторот ќе воспостави и одржува систем за документација на управувањето со животната средина, кој ќе биде одобрен од страна на Надлежниот орган.

2.1.11 Корективни мерки

2.1.11.1 Операторот ќе воспостави процедури според кои ќе се преземат корективни мерки доколку специфицираните барања од Дозволата не се исполнети. Во процедурите треба да се дефинираат одговорноста и овластувањето за иницирање на понатамошна истрага и корективни активности во случај на пријавени прекршувања.

2.1.12 Подигање на свеста и обука

2.1.12.1 Операторот ќе воспостави и одржува процедури за идентификување на потребите за обука и за обезбедување на соодветна обука на целиот персонал чија работа може да има значително влијание врз животната средина. Операторот е должен да ги чува записите од обуките.

2.1.13 Програма за комуникација

2.1.13.1 Во рок од 6 (шест) месеци од датумот на издавање на Дозволата, Операторот ќе воспостави програма со која ќе и обезбеди пристап на јавноста до информациите кои се однесуваат на состојбата со животната средина. Оваа програма ќе биде претходно доставена на одобрување до Надлежниот орган.

2.1.14 Програма за одржување

2.1.14.1 Сите постројки, опремата и техничките делови кои се во функција на инсталацијата треба да се одржуваат во добра работна состојба.

2.1.14.2 Операторот ќе воспостави и одржува програма за одржување на целата инсталација и соодветната придружна опрема која може да има влијание врз животната средина, базирана на упатствата издадени од страна на производителот/добавувачот или изведувачот на таа опрема. Како додаток кон програмата треба да се обезбеди и соодветно чување на записите и контролните тестирања.

2.1.14.3 Операторот треба јасно да ја лоцира одговорноста за планирање, управување и извршување на сите аспекти од оваа програма на соодветниот персонал.

2.1.15 Контрола на ефикасноста на процесите

2.1.15.1 Операторот ќе воспостави и одржува програма за да се обезбеди соодветна контрола на процесот во разни модули на работење. Програмата треба да ги идентификува клучните индикативни параметри за контрола на функционирањето на процесот, како и методите за идентификација, мерење и контролирање на овие параметри. Сите абнормални услови во кои се одвива процесот треба да се документираат и анализираат со цел да се идентификува било каква корективна активност.

**3.2** Суровини (вклучувајќи и вода)

3.2.1 Операторот, согласно условите од дозволата, ќе користи суровини (вклучувајќи ја и водата) онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.2.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

2.2.2 Суровините, меѓупродуктите и производите ќе се складираат на места наменети за тоа, соодветно заштитени против истурање и истекување. Материјалите јасно ќе бидат означени и соодветно одделени.

| **Табела 2.2.1 : Суровини (вклучувајќи и вода)** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Поглавје IV | Барање и прилог кон барањето | 03.09.2007 |

**3.3** Техники на работа

3.3.1 Инсталацијата за која се издава дозволата, согласно условите во дозволата, ќе се води на начин и со примена на техники опишани во документите наведени во Табела 2.3.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

2.3.2 Операторот ќе го минимизира бројот на застои на операциите на инсталацијата .

| **Табела 2.3.1 : Техники на работа** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| Поглавје II | Барање | 03.09.2007 |
| Поглавје VIII | Барање | 03.09.2007 |

**3.4** Заштита на подземните води

3.4.1 Инсталацијата за која се издава дозволата, согласно условите во дозволата, ќе биде контролирана како што е опишано во документите наведени во Табела 2.4.1, или на друг начин договорени со Надлежниот орган на писмено.

3.4.2 Суровините, меѓупродуктите и производите ќе се складираат на места наменети за тоа, соодветно заштитени против истурање и истекување. Материјалите јасно ќе бидат означени и соодветно одделени.

3.4.3 Сите резервоари и цевоводи ќе се одржуваат соодветно на материјалите кои се пренесуваат низ или се складираат во нив. Интензитетот и притисокот на водата во сите подземни цевки, садови, преносни структури и контејнери и нивниот отпор при пробивање на вода или други материјали кои се пренесуваат или складираат во нив ќе се тестира или демонстрира од страна на операторот. Ова тестирање ќе се изврши од страна на операторот најмалку еднаш на секои три години и ќе се пријави кај Надлежниот орган при секое извршување. Ова тестирање ќе се извршува според било кои насоки кои се издадени од страна на Надлежниот орган. Писмен запис од тестовите за интегритет и било какво одржување или поправки кои произлегуваат од нив ќе се извршуваат од страна на инсталацијата која е носител на Дозволата

3.4.4 Сите резервоари, контејнери и буриња ќе бидат јасно означени за да се знае точно нивната содржина.

2.4.5 Простор за складирање

2.4.5.1 Целиот простор за складирање во резервоари и буриња, како минимум, ќе има локална или оддалечена танк-вана чиј волумен не е помал од следните:

а. 110% од капацитетот на најголемиот сад или буре во рамките на оградената област; или

б. 25% од вкупниот волумен на супстанцијата која може да се складира во рамките на оградената област.

2.4.6 Сите садови и цевководи ќе се одржуваат соодветно на материјалите кои се пренесуваат низ или се складираат во нив. На секои 3 (три) години Операторот треба да ја тестира издржливоста на сите преносни структури во кои се пренесува или складира вода или други материјали. За секое тестирање, Операторот ќе достави извештај до Надлежниот орган во пишана форма.

2.4.7 Сите препораки кои произлегуваат од извештајот или извештаите од ова испитување ќе бидат спроведени во рок договорен со Надлежниот орган.

| **Табела 2.4.1 : Заштита на подземните води** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Прилог V | Барање | 03.09.2007 |

**3.5** Ракување и складирање на отпадот

3.5.1 Операторот, согласно условите од дозволата, ќе ракува и ќе го складира отпадот онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.5.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

| **Табела 2.5.1 : Ракување и складирање на отпадот** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Поглавје V | Барање | 03.09.2007 |

3.5.2 Отпадот ќе се складира на место посебно определено за тоа, соодветно заштитено против прелевање и истекување на течностите. Отпадот јасно ќе се означи и соодветно ќе се оддели.

3.5.3 Како дел од ГИЖС, Операторот годишно ќе приложува План на кој се прикажани местата за складирање на отпадот.

2.5.4 Не подоцна од 3 (три) месеци од датумот на издавање на Дозволата, Операторот ќе подготви План за управување со отпад. Во Планот ќе бидат вклучени информации за условите на складирање, транспортот и одлагањето и доколку има, ќе достави копии од договорите за продавање и превземање на отпадот.

2.5.6 Доколку не е одобрено во пишана форма од страна на Надлежниот орган, на Операторот му се забранува да го меша опасниот отпад од една категорија со опасен отпад од друга категорија или со било каков друг неопасен отпад.

2.5.7 Операторот ќе обезбеди отпадот, пред да се пренесе на друго лице, да биде спакуван и означен согласно Националните, Европските и било кои други стандарди кои се на сила во врска со таквото означување.

| **Табела 2.5.2 : Отпад од асфалтна база складиран на самата локација** | | | |
|---|---|---|---|
| **Опис на отпадот** | **Место на складирање на самата локација** | **Начин на складирање** | **Услови на складирање** |
| Стари гуми | Се чуваат во покриен бокс | | |
| Измешан комунален отпад | | Се собира во контејнер | ЈПЛ Комуналец Гостивар го превзема |
| Отпадни моторни масла од машини | Се одложува во рамки на самата локација и се чека на отуѓување | Се собира во метални буриња | |
| Од отпрашување на систем за дозирање и сушење на агрегат (при водено отпрашување ) | Складиран е во рамки на инсталацијата на отворен простор, времено | | |
| мил | Септичка јама | | ЈКП го превзема |
| Тер од мазут | Се складира во метални буриња | | |
| Истрошени делови од возила | Селектирано се чува до продажба | | |

**3.6** Преработка и одлагање на отпад

3.6.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе го преработува и одлага отпадот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.6.1, или на друг начин договорен писмено со Надлежниот орган.

3.6.2 За активности кои се поврзани со операции за управување со отпадот на локацијата ќе се води целосна евиденција, која ќе биде достапна за инспектирање од страна на овластените лица на Надлежниот орган во секое време. Елементи требаат да бидат земени во предвид при евидентирањето .

| **Табела 2.6.1 : Искористување и отстранување на отпадот** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Поглавје V | Барање | 03.09.2007 |

**3.7** Енергетска ефикасност

3.7.1 Операторот треба да има план за управување со енергијата, кој ќе биде дополнуван годишно.

3.7.2 Операторот ќе изврши ревизија на енергетската ефикасност на инсталацијата во рок од една година од датумот на издавањето на оваа Дозвола. Ревизијата на енергетска ефикасност треба да се повторува на интервали како што ќе биде наложено од страна на Надлежниот орган. Обемот на инспекцијата ќе се договори со Надлежниот орган.

2.7.3 Ревизијата ќе ги идентификува сите можности за намалување на употребата на енергијата и ефикасноста а препораките од инспекцијата ќе бидат составен дел од РЦЗЖС

**3.8** Спречување и контрола на несакани дејствија

3.8.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе ги спречи и ограничи последиците од несаканите дејствија, онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.8.1, или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган .

3.8.2 Операторот, во рок од шест месеци од датумот на издавање на оваа Дозвола, ќе обезбеди дека функционира документирана Процедура за итни дејствувања, која ќе се погрижи во секоја итна ситуација која ќе се случи на локацијата. Оваа процедура треба да вклучи одредби за минимизирање на ефектите врз животната средина од било која итна ситуација. Оваа процедура треба да се разгедува на годишно ниво и да се ажурира според потребите.

3.8.3 Во случај на несреќа Операторот веднаш треба да:

- o Го изолира изворот на било какви емисии;
- o Спроведе непосредна истрага за да се идентификува природата, изворот и причината на било која емисија која произлегла од тоа;
- o Го процени загадувањето на околината, ако го има предизвикано од ицидентот;
- o Да ги идентификува и да ги спроведе мерките за минимизирање на емисиите/нефункционирање и ефектите кои следуваат;
- o Забележи датумот и местото на несреќата;
- o Го извести Надлежниот орган и другите заинтересирани страни.

3.8.4 Во рок од еден месец од несреќата Операторот треба да достави предлог до Надлежниот орган или друг начин договорен со Надлежниот орган. Предлогот има за цел да:

- o Идентификува и постави мерки за да се избегне повторно случување на несреќата; и
- o Идентификува и постави било какви други активности за санација.

2.8.5 Во рок од 12 (дванаесет) месеци од датумот на издавање на оваа Дозвола, Операторот ќе изготви документ во кој ќе биде содржана неговата политика за спречување на хаварии и ќе обезбеди истата соодветно да се применува. Политиката за спречување на хаварии ќе биде така дизајнирана да гарантира високо ниво на заштита на луѓето и животната средина со помош на соодветни средства, структури и системи на управување.

| Табела 2.8.1 : Спречување и контрола на несакани дејствија | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Поглавје XII | Барање | 03.09.2007 |

**3.9** Бучава и вибрации

3.9.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе ја контролира бучавата и вибрациите како што е опишано во документите наведени во Табела 2.9.1, или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган .

| Табела 2.9.1 : Бучава и вибрации | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Поглавје VI и VII | Барање | 03.09.2007 |

Додатни услови:

3.9.2 Операторот годишно треба да изготви програма во која ќе ја претстави состојбата со бучавата во и околу инсталацијата. Програмата треба да ја изготви во согласност со методологијата која е специфицирана во упатствата кои ги има издадено Надлежниот орган за сите извори кои се наведени во барањето за ИСКЗ, особено посветувајќи внимание на импулсивната бучава.

**3.10** Мониторинг

3.10.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе изведува, мониторинг, ќе го анализира и развива истиот како што е опишано во документите , или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

3.10.2 Ќе обезбеди:

**а** безбеден и постојан пристап до мерните места, за да се овозможи земањето примероци/мониторингот да биде изведено во релација со точките на емисија наведени во Додаток 2, освен ако не е поинаку наведено во Додатокот; и

**б** безбеден пристап до други точки на земање примероци/мониторинг, кога тоа ќе го побара Надлежниот орган.

3.10.3 Земањето примероци и анализите ќе се изведува според ISO стандардите.

3.10.4 Операторот мора да обезбеди опрема за земање на примероци и мониторинг на подземната вода од бунарите е достапна/инсталирана на соодветните места и е подготвена за употреба во секое време. Типот на опрема за земање на примероци треба да биде одобрена од страна Надлежниот орган.

3.10.5 Во рок од три месеци од датумот на издавање на Дозволата, Операторот треба да обезбеди информација за методите за земање на примероци и анализи при вршењето на мониторинг. Методите требаат да бидат одобрени од страна Надлежниот орган.

3.10.6 Земањето на примероци и анализа на сите загадувачи, исто како и референтните мерни методи за калибрирање на автоматизираните системи за мерење треба да се извршат во согласност со CEN стандрадите. Ако CEN стандардите не се достапни, тогаш се препорачува да се користат ISO, националните или други меѓународни стандарди кои ќе обезбедат собирање на податоци од соодветен квалитет.

3.10.7 Со опремата за мониторинг и анализа треба соодветно да се ракува и истата треба да се одржува како што е потребно, така што мониторингот прецизно ќе ја прикажуваа емисијата или ослободувањето и ќе ги задоволи горенаведените стандарди.

**3.11** Престанок на работа

2.11.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе обезбеди услови за престанок на работата на инсталацијата како што е опишано во документите наведени во Табела 2.11.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

| **Табела 2.11.1 : Престанок на работа** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Прилог XIII | Барање | 03.09.2007 |

2.11.2 План за престанок со работа на инсталацијата и депонијата и управување со остатоците

- o Во рок од 24 месеци, Операторот треба да подготви детален план со финансиски импликации за престанокот со работа на инсталацијата или затворање на целата или дел од локацијата. Планот ќе биде одобрен од страна на Надлежниот орган.
- o Планот треба да биде ревидиран годишно и за предложените измени треба да се извести Надлежниот орган и истите треба да бидат дел од ГИЖС. Не смее да се имплементира ниту една промена/дополнување без претходно одобрување од страна на Надлежниот орган.

2.11.3 Планот за управување со остатоците треба како минимум да го содржи следното:

- o Изјава за обемот на планот;
- o Критериумите кои дефинираат успешен престанок со работа на активностите или на дел од нив, кој обезбедува минимум влијание врз животната средина;
- o Програма за постигнување на наведените критериуми;
- o Доколку е возможно планот да вклучи тест програма која ќе прикаже успешно имплементација на планот за престанок со работа;
- o Финансиски детали за планот и како тие ќе бидат обезбедени.

3.11.4 Во рок од три месеци од извршување на планот за управување со остатоците, Операторот ќе поднесе до надлежниот орган финален извештај за потврда кој ќе вклучи и сертификат за комплетирање на истиот. Операторот треба да ги изврши сите потребни тестови и анализи, вклучувајќи и сертификат, онака како што бара Надлежниот орган, со цел да демонстрира дека не постои понатамошен ризик по животната средина.

2.11.5 Како дел од ГИЖС, Операторот треба да обезбеди годишен извештај за првземените или предвидените мерки во врска со спречување на штети по животната средина и да предвиди финансиски средства потребни за ремедијација која ќе следи по конечниот престанок со работа на инсталацијата, како и по инцидентите.

2.11.6 Операторот ќе обезбеди јасна и детална проценка на ризикот од еколошка одговорност (ПРЕО) што ќе ги опфати одговорностите/ обврските од минатите и сегашните активности. Оваа проценка ќе ги вклучи одговорностите/обврските и трошоците за исполнување на ПУРЗ.

2.11.7 Во рок од 12 (дванаесет) месеци од датумот на издавањето на оваа Дозвола операторот ќе достави извештај за оваа проценка до Надлежниот орган. ПРЕО ќе се ревидира соодветно на потребите, за да се опфатат сите евентуални значајни промени на локацијата, но најмалку секои 3 (три) години по издавањето на оваа Дозвола. Резултатите од ревидирањето ќе бидат опфатени со ГИЖС.

**3.12** Инсталации со повеќе оператори

3.12.1 Со инсталацијата за која се издава дозвола управува само еден оператор

# 4 Документација

4.1.1 Документацијата (“Специфицирана Документација”) ќе содржи податоци за:

**а** секоја неисправност, дефект или престанок со работа на постројката, опремата или техниките (вклучувајќи краткотрајни и долготрајни мерки за поправка) што може да има, имало или ќе има влијание на перформансите врз животната средина што се однесуваат на инсталацијата за која се издава дозволата. Овие записи ќе бидат чувани во дневник воден за таа цел;

**б** целиот спроведен мониторинг и земањето примероци и сите проценки и оценки направени на основа на тие податоци.

4.1.2 За инспекција од страна на Надлежниот орган во било кое пристојно време ќе бидат достапни:

**а** Специфицираната документација;

**б** Било кои други документи направени од страна на Операторот поврзани со работата на инсталацијата за која се издава дозволата (“Други документи”).

4.1.3 Копија од било кој специфициран или друг документ ќе му биде доставен на Надлежниот орган на негово барање и без надокнада.

4.1.4 Специфицираните и другите документи треба:

**а** да бидат читливи;

**б** да бидат направени што е можно побрзо;

**ц** да ги вклучат сите дополнувања и сите оригинални документи кои можат да се приложат.

4.1.5 Операторот е должен специфицираната и другата документација да ја чува за време на важноста на оваа дозвола, како и пет години по престанокот на важноста.

4.1.6 За целиот примен или создаден отпад во инсталацијата за која што се издава дозволата, операторот ќе има документација (и ќе ја чува истата за време на важноста на оваа дозвола, како и пет години по престанокот на важноста) за

**а** Составот на отпадот, или онаму каде што е можно, опис;

**б** најдобра проценка на создадената количина отпад;

**ц** трасата на транспорт на отпадот за одлагање; и

**д** најдобра проценка на количината отпад испратен на преработка.

4.1.7 Операторот на инсталацијата за којашто се издава дозволата ќе направи записник, доколку постојат жалби или тврдења за нејзиното влијание врз животната средина. Во записникот треба да стои датум и време на жалбата, како и кратко резиме доколку имало било каква истрага по таа основа и резултати од истата. Таквите записи треба да бидат чувани во дневник воден за таа цел.

# 5 Редовни извештаи

5.1.1 Сите извештаи и известувања што ги бара оваа дозвола, операторот ќе ги испраќа до Надлежниот орган за животна средина.

5.1.2 Операторот ќе даде извештај за параметрите од Табела Д2 во Додатокот 2 :

5.1.3 Сите извештаи ќе бидат потпишани од страна на назначено овластено лице од инсталацијата.

5.1.4 Операторот ќе поднесе до Надлежниот орган, најдоцна до 31- ви Март секоја година, ГИЖС кој ја покрива претходната календарска година. Овој извештај, кој треба да биде одобрен од Надлежниот орган, треба да вклучи како минимум, информациите специфицирани во следната Табела: Содржина на Годишниот Извештај за Животна Средина од оваа Дозвола треба да се подготви со било кои релевантни упатства кои се издадени од страна на Надлежниот Орган.

5.1.5 Операторот ќе подготви и одржува РИПЗМ за локацијата. Супстанците кои треба да се вклучат во РИПЗМ треба да бидат одобрени од страна на Надлежниот орган секоја година по референтната листа која што ќе биде специфицирана во упатството за ГИЖС од Надлежниот орган. РИПЗМ треба да се подготви во согласност со било кои релевантни упатства кои се издадени од страна на Надлежниот Орган и треба да се поднесат како дел од ГИЖС.

| **Годишен извештај за животна средина Содржина** |
|---|
| Емисии од инсталацијата. (поднесување на РИПЗМ + согласност со ГВЕ)<br>Евиденција за управување со отпад<br>Преглед за потрошувачка на суровини.<br>Резиме на забелешки (жалби/поплаки).<br>Распоред на цели и задачи за животната околина.<br>Програма за управување со животната средина - извештај од претходната година.<br>Програма за управување со животната средина - предлог за тековната година.<br>Регистар на загадувачки емисии - извештај од претходната година.<br>Регистар на загадувачки емисии - предлог за тековната година.<br>Резиме на извештајот за мониторинг на бучава.<br>Резиме на мониторингот на животната средина.<br>Извештај за тестирање и инспекција на резервоари и цевоводите.<br>Резиме на пријавени инциденти.<br>Резиме од извештај за ефикасност на енергијата.<br>Извештај за утврдување на ефикасноста од користење на суровини во процесот и редукција на генерираниот отпад.<br>Извештај за прогресот кој е направен и развиените предлози за да се минимизира побарувачката на вода и волуменот на испуштање на индустриска вода.<br>Сите други предмети специфицирани од страна на Надлежниот орган |

# 6 Известувања

5.1.1 Операторот ќе го извести Надлежниот орган без Одложување :

**а** кога ќе забележи емисија на некоја супстанција која го надминува лимитот или критериумот на оваа дозвола, наведен во врска со таа супстанција;

**б** кога ќе забележи фугитивна емисија што предизвикала или може да предизвика загадување, освен ако емитираната количина е многу мала да не може да предизвика загадување;

**ц** кога ќе забележи некаква неисправност, дефект или престанок на работата на постројката или техниките, што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување; и

**д** било какво несакано дејство што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување.

6.1.2 Операторот треба да достави писмена потврда до Надлежниот орган за било кое известување од условот 5.1.1 согласно Распоредот 1 од оваа дозвола, преку испраќање на податоци наведени во Делот А од Распоредот 1 од оваа дозвола во рок од 24 часа од ова известување. Операторот ќе испрати подетални податоци наведени во Делот Б од тој Распоред, што е можно побрзо.

6.1.3 Операторот ќе даде писмено известување што е можно побрзо, за секое од следниве

**а** перманентен престанок на работата на било кој дел или на целата инсталација, за која се издава дозволата;

**б** престанок на работата на некој дел или на целата инсталација за која се издава дозволата, со можност да биде подолго од 1 година; и

**ц** повторно стартување на работата на некој дел или целата инсталација за кој што се издава дозволата, по престанокот по известување според 5.1.3 (б).

6.1.4 Операторот ќе даде писмено известување во рок од 14 дена пред нивното појавување, за следниве работи:

**а** било каква промена на трговското име на Операторот, регистарско име или адресата на регистрирана канцеларија;

**б** промена на податоците за холдинг компанијата на операторот (вклучувајки и податоци за холдинг компанијата кога операторот станува дел од неа);

**ц** за активности кога операторот оди во стечај склучува доброволен договор или е оштетен;

5.1.5 Операторот ќе обезбеди и одржува огласна табла за инсталацијата читлива за лицата кои се надвор од главниот влез на инсталацијата. Минималните димензии на таблата треба да бидат 1200 мм на 750 мм.

На таблата треба јасно да биде прикажано:

- Името и телефонскиот број на инсталацијата;
- Нормалното работно време;
- Името на имателот на Дозволата;
- Телефонскиот број за контакт во итни случаи вон работното време;
- Референтен број на Дозволата; и
- Каде може да се добијат информации за животна та средина во врска со оваа инсталација.

5.1.6 Во случај на несреќа Операторот треба веднаш да го извести Надлежниот и другите релевантни органи.

# 7 Емисии

## **7.1** Емисии во воздух

7.1.1 Емисиите во воздух од точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.1.1, ќе потекнат само од извор(и) наведен(и) во таа Табела.

| **Табела 6.1.1 : Емисиони точки во воздухот** | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија/опис** | **Извор** | **Локација на точката на емисија** |
| А1 | Асфалтна база | Оџак од сушара за одведување на гасовите |

7.1.2 Границите на емисиите во воздух за параметарот(рите) и точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.1.2 нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

7.1.3 Временските периоди од 6.1.2 соодвествуваат на оние од прифатениот оперативен план од поглавјето 9 од оваа дозвола.

7.1.4 Операторот ќе врши мониторинг на параметрите наведени во табела 6.1.2, на точките на емисија и најмалку на фрекфенции наведени во таа Табела.

| **Табела 6.1.2 : Граници на емисиите во воздухот** | | | |
|---|---|---|---|
| **Параметри** | **Ознака на точка на емисија : А1 Оџак од согорување на мазут во вертикална мешалка** | | **Фреквенција на мониторинг** |
| Проток: | | | |
| | 0д (датум) | Концентрација ($mg/Nm^3$)МДК | |
| **цврсти честички ( прашина)** | 01.06.2012 | 20 | 1 Годишно |

-Висина на оџак :12.5 m над земја

| **СЛЕДЕЊЕ НА КВАЛИТЕТ НА АМБИЕТАЛЕН ВОЗДУХ (МДК)** | |
|---|---|
| **Суспендирани честички до 10µm Концентрација $\mu g/m^3$** | **МДК ( $\mu g/m^3$)** |
| | **50** |

7.1.5 Емисиите од инсталацијата не треба да содржат нападен мирис надвор од границите на инсталацијата,

7.1.6 Емисиите во воздухот, освен пареа и кондензирана водена пареа, не треба да содржат капки од перзистентна магла и перзистентен чад.

7.1.7 Емисиите не треба да содржат видлив чад. Ако, поради причина на одржување, емисиите на чад се предизвикани од повторно стартување од ладно, истото не треба да трае подолго од 20 минути во било кој период од 8 часови и сите практични чекори треба да се преземат да се минимизира емисијата.

6.1.8 Граничните вредности на емисиите во атмосферата дадени во оваа Дозвола треба да се интерпретираат на следниот начин:

6.1.8.1 Континуиран мониторинг:

- Ниту една 24-часовна средна вредност не смее да ја надмине граничната вредност на емисија.
- 97% од сите 30 минутни средни вредности мерени континуирано во текот на една годиа не смее да надминат 1.2 пати повеќе од граничната вредност за емисија.
- Ниту една 30 минутна средна вредност не смее да биде два пати поголема од граничната вредност за емисија.

6.1.8.2 Дисконтинуиран мониторинг:

- За секој параметар каде што поради ограничувања при земањето примерок или аналитички ограничувања, 30 минутен примерок не е соодветен/практичен, ќе се примени соодветен период за земање примерок и добиената вредност при тоа не смее да ја надмине граничната вредност за емисија.
- За проток, ниту една средно часовна или средно дневна вредност, пресметана на основа на соодветно периодично отчитување, не смее да ја надмине релевантната граничната вредност за емисија.

- За сите други параметри, ниту една 30 минутна средна вредност не смее да ја надмине граничната вредност на емисија.
- Праговите за масен проток се толкуваат како количества изразени во единици kg/h, над кои се применуваат граничните вредности за концентрација. Праговите за масен проток се определуваат врз основа на единечно 30 минутно мерење (т.е. добиената получасовна концентрацијата (kg/Nm$^3$) треба да се помножи со протокот на гасот (Nm$^3$/h) и резултатот се изразува како (kg/h).
- Границите за масен проток се пресметуваат врз основа на концентрацијата, определена како аритметичка средина во еден определен период, помножена со репрезентативна вредност на протокот. Ниту една вредност така добиена не смее да ја надмине граничната вредност за масен проток.

6.1.9 Операторот ќе воспостави Програма за откривање, контрола, спречување и намалување на фугитивните емисии.

6.1.9.1 Програмата ќе вклучува:

- Типови на мерења (поставување на граници на откривање);
- Фрекфенција на мерења: Двапати годишно;
- Типови на компоненти кои треба да се проверуваат: резервоари, пумпи, контролни вентили, изменувачи на топлина, конектори, фланши.

## 6.2. Емисии во почва

6.2.1 Нема емисии во почвата

### 6.3 Емисии во вода (различни од емисиите во канализација)

Нема емисии во вода

### 6.4. Емисии во канализација

Нема емии во канализација

.

### 6.5 Емисии на топлина

Нема емисии на топлина

Емисии на бучава и вибрации

.

6.6.1 Операторот ќе врши преглед на бучавата на локацијата на годишно ниво. Програмата за преглед на бучавата треба да е во согласност со најдобрата пракса на ЕУ.

6.6.2 Активностите на локацијата нема да доведат до зголемување на нивоата на бучава,

| | |
|---|---|
| Дење | 80 dB(A) |
| Ноќе | 70 dB(A) |

# 6 Пренос до пречистителна станица за отпадни води

# 7 Услови надвор од локацијата

# 8 Оперативен план

9.1 Операторот ќе ги спроведе договорените мерки наведени во Табела 9.1.1, заклучно со датумот наведен во таа табела и ќе испрати писмено известување до Надлежниот орган за датумот кога било комплетирана секоја мерка, во рок од 14 дена од завршувањето на секоја од тие мерки.

| **Табела 9.1.1 : Оперативен планп** | | |
|---|---|---|
| **Ознака** | **Мерка** | **Датум на завршување** |
| 9.1 | Едукација и тренинг обука на сите вработени со цел подигање на свеста на вработените за водење грижа на животната средина<br>1 Опис<br>Организирање на програми за едукација на сите нивоа, обуки теоретски и практични за вработените кои се непосредни ракувачи и управувачи со опасни супстанции, опасен отпад или потенцијален отпад, со периодична проверка на обученоста како и обуки кои ќе ја подигнат свеста на вработените за водење на грижа за животната околина.<br><br>2. Предвидена дата на почеток на реализацијата<br>**01.2010**<br><br>3 Вредности на емисиите по реализација на активноста<br>Помали несакани емисии во животната средина и избегнување на можни хаварии..<br><br>4. Извештаи од мониторингот<br>Запис од спроведените активности<br>• тема и содржина на обуката<br>• список на присутни учесници<br>• заклучоци<br>Известување<br>Годишно (или веднаш, после секоја промена во постапките за ракување со опасни супстанции, опасен отпад или потенцијален отпад)<br>5. Вредност на инвестицијата<br>**5000 Euro** | **12.2010** |
| 9.2 | Имплементирање на Системот за управување со заштита на животната средина ISO 14001:2004 . | .06.2011 |

| | | |
|---|---|---|
| | 1. Предвидена дата на почеток на реализацијата<br>**06.2010**<br>2. Вредности на емисиите по реализација на активноста<br>Помали несакани емисии во животната околина и избегнување на можни хаварии.<br>3. Влијание врз ефикасноста (Промена во начинот на управување со суровините кои се користат за производство на асфалт).<br>4. Извештаи од мониторингот<br>Запис од спроведените активности<br>• Извештај за интерна или редовна проверка<br>• Превентивни и Корективни мерки<br>• Ефекти од применетите Превентивни и Корективни мерки<br>Известување два пати годишно.<br>5. Вредност на инвестицијата<br>**5.000 Eur** | |

| | | |
|---|---|---|
| 9.3 | Редукција на емисии на прашина<br>1.Реконструкција на таложниците во Асфалтната база.<br>2.Поставување на сув систем за одпрашување( врećаст филтер)<br><br>2. Предвидена дата на почеток на реализацијата **.01.2012**<br>3. . Вредност на емисиите до и за време на реализацијата<br>Во граници<br>4. Вредности на емисиите по реализација на Намалување на потрошувачка на вода активноста (Услови) Намалена емисија на прашина<br>5. Влијание врз ефикасноста (Промена во потрошувачката на енергија , вода и суровина)<br>Намалување на емисијата на прашина и потрошувачката на суровина.<br>6. Извештаи од мониторингот<br>Следење на намалување на емисиите на прашина и потрошувачката на суровината<br>Известување двапати годишно.<br>7. Вредност на инвестицијата<br>**15.000 Евра** | 06.2012 |
| 9.4 | 1. Инсталирање на систем на повторно искористување на отпадната вода од системот на водено отпрашување во асфалтната база.<br>2. Предвидена дата на почеток на реализацијата **01.2011**<br><br>**3.** Вредност на емисиите до и за време на реализацијата<br>Значително влијание | 06.2011 |

| | | |
|---|---|---|
| | 4. Влијание врз ефикасноста (Промена во потрошувачката на енергија , вода и суровина)<br>Намалување на потрошувачката на вода<br>5. Извештаи од мониторингот<br>Известување Годишно<br>6. Вредност на инвестицијата<br>10.000 Евра | |

| | | |
|---|---|---|
| 9.5 | Намалување на можност за истекувања и емисии во почвата<br>1. Бетонирање, оградување на сите резервоари за битумен, мазут и нафта што се дел од инсталациите со што ќе се спречи било какво истекување и загадување на почвата и опасност од пожар.<br>2. . Предвидена дата на почеток на реализацијата<br>01**.2011**<br><br>**3.** Вредност на емисиите до и за време на реализацијата<br>Значително влијание<br>4. Вредности на емисиите по реализација на активноста (Услови)<br>Незначително влијание<br>5. Влијание врз ефикасноста (Промена во потрошувачката на енергија , вода и суровина)<br>Намалување на емисии и загадување на почвата<br>6. Извештаи од мониторингот<br>Известување Годишно<br>7. Вредност на инвестицијата<br>**10000 Евра** | **06.2011** |
| 9.6 | Намалување на негативен визуелен ефект на животна средина и физичко уредување на просторот,хортикултурно уредување во зоната на патот<br>1. Да се превземе активност на садење на зелен појас на граничните зони на погоните за спречување на емисија на бучава и цврсти честички.<br>2. Предвидена дата на почеток на реализацијата<br>**06.2010** | **12.2010** |

| | | |
|---|---|---|
| | **4.** Вредност на инвестицијата<br>**5000 Евра** | |
| 9.7 | Намалување на негативен визуелен ефект на животн средина и физичко уредување на просторот .<br>1. Бетонирање на целата површина на инсталациите за производство на асфалт или бетон, со оваа мерка се добива подобрување на визуелниот ефект на животната средина, можност за подобро чистење на инсталацијата (намалување на прашината) и намалување на можноста за истекување и загадување на почвата.<br>2. Предвидена дата на почеток на реализацијата<br>**06 2010**<br>**3.** Вредност на емисиите до и за време на реализацијата<br>Значително влијание<br><br>Известување Годишно<br>4. Вредност на инвестицијата<br>**10 . 000 Евра** | **01.2011** |

| Реден бр. | Активност | Финансирање |
|---|---|---|
| 1. | Едукација и тренинг обука на сите вработени со цел подигање на свеста на вработените за водење грижа на животната средина | **5.000 Евра** |
| 2. | Имплементирање на Системот за управување со заштита на животната средина ISO 14001:2004 . | **5.000 Евра** |
| 3. | Редукција на емисии на прашина | **15.000 Евра** |
| 4. | Намалување на потрошувачка на вода | **10.000 Евра** |
| 5. | Намалување на можност за истекувања и емиисии во почвата | **10.000 Евра** |
| 6. | Намалување на негативен визуелен ефект на животна средина и физичко уредување на просторот | **10.000 Евра** |
| 7. | Намалување на негативен визуелен ефект на животн средина и физичко уредување на просторот . | **10.000 Евра** |
| | | **65.000Евра** |

# 10 Договор за промени во пишана форма

10.1 Кога својството “или како што е друго договорено написмено” се користи во услов од дозволата, операторот ќе бара таков договор на следниот начин:

10.1.1 Операторот ќе ѝ даде на Надлежниот орган писмено известување за деталите на предложената промена, означувајќи го релевантниот(те) дел(ови) од оваа дозвола: и

10.1.2 Ваквото известување ќе вклучува проценка на можните влијанија на предложената промена (вклучувајќи создавање отпад) како ризик за животната средина од страна на инсталацијата за која се издава дозволата.

10.2 Секоја промена предложена според условот 10.1.1 и договорена писмено со Надлежниот орган, може да се имплементира само откако операторот му даде на Надлежниот орган претходно писмено известување за датата на имплементација на промената. Почнувајќи од тој датум, операторот ќе ја управува инсталацијата согласно таа промена и за секој релевантен документ што се однесува на тоа, дозволата ќе мора да се дополнува.

# Додаток 1

## Писмена потврда за известувања

Овој Додаток ги прикажува информациите што операторот треба да ги достави до Надлежниот орган за да го задоволи условот 5.1.2 од оваа дозвола.

Мерните единици користени во податоците прикажани во делот А и Б треба да бидат соодветни на условите на емисијата. Онаму каде што е можно, да се направи споредба на реалната емисија и дозволените граници на емисија.

Ако некоја информација се смета за деловно доверлива, треба да биде одделена од оние што не се доверливи, поднесена на одделен лист заедно со барање за комерцијална доверливост во согласност со Законот за животна средина.

Потврдата треба да содржи

### *Дел А*

- ☐ Име на операторот.
- ☐ Број на дозвола.
- ☐ Локација на инсталацијата.
- ☐ Датум на доставување на податоци.
- ☐ Време, датум и локација на емисијата.
- ☐ Карактеристики и детали на емитираната(ите) супстанција(и), треба да вклучува :
  - ☐ Најдобра проценка на количината или интензитетот на емисија, и времето кога се случила емисијата.
  - ☐ Медиум на животната средина на кој што се однесува емисијата.
  - ☐ Превземени или планирани мерки за стопирање на емисијата.

### *Дел Б*

- ☐ Други попрецизни податоци за предметот известен во Делот А
- ☐ Превземени или планирани мерки за спречување за повторно појавување на истиот проблем.
- ☐ Превземени или планирани мерки за исправување, лимитирање или спречување на загадувањето или штетата на животната средина што може да се случи како резултат на емисијата.
- ☐ Датуми на сите известувања од Делот А за време на претходните 24 месеци.

| | |
|---|---|
| ☐ Име | ☐ Пошта................................ |
| ☐ Потпис | ☐ Датум |

- ☐ Изјава дека потпишаниот е овластен да потпишува во име на операторот.

# Додаток 2

## Извештаи за податоците од мониторингот

Параметрите за кои извештаите ќе бидат направени, согласно условите 4.1.2 од оваа дозвола, се наведени подолу.

| **Извештај** | **Фреквенција на извештајот** | **Датум на поднесување на извештајот** |
|---|---|---|
| **Годишен Извештај за Животна Средина (AEP)** | Годишно | До 31-ви  март секоја година |
| **Евиденција на инциденти** | Како што се случуваат | Во рок од 5 (пет) дена од инцидентот. |
| **Мониторинг на квалитетот на отпадната вода** | Тромесечно | 10 (десет) дена од истекот на тромесечието за кое е поднесен извештај |
| **Мониторинг на квалитетот на подземната вода** | Тромесечно | 10 (десет) дена од истекот на тромесечието за кое е поднесен извештај |
| **Мониторинг на воздухот** | Тромесечно | 10 (десет) дена од истекот на тромесечието за кое е поднесен извештај |
| **Додаток на цели и задачи за животна средина** | На секои 7 години, со годишно ревидирање | 3 (три) месеци пред започнување на развојот |

# Додаток 3

## Отпад за одложување/повторна употреба
**АСФАЛТНА БАЗА**

| Отпаден материјал | Број од Европскиот каталог на отпад | Главен извор | Количина | | Преработка/ одложување во рамките на самата локација | Преработка, реупотреба или рецикл. со превземач | Одложување надвор од локацијата |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Тон/мес | Тон/год | | | |
| Стари гуми | 16 01 03 | Мобилна механизација | / | 6 парчиња /год. | Селектирано се чуваат до продажба како секундарна суровина | / | / |
| Истрошени делови од возила | 16 01 99 | Мобилна механизација | / | 0,129 | Селектирано се чуваат до продажба како секундарна суровина | / | / |
| Механички талог | 13 05 02 | Таложник | / | Не се оддува | По подолг временски период се црпи од таложник | Се користи за пополн.на вдлабнатин и на локацијата | / |
| Комунален отпад | 20 03 01 | Вработени | / | 0,3 т/год | Се собира во метално буре | / | Повремено се носи во контеј. во дирекц.Гостивар , ЈПКомуналец-Гостивар го превзема |
| Мил | 20 03 06 | Септичка јама | / | Не е одстран уван | / | / | ЈП Комуналец-Гостивар ќе го чисти повремено |
| Отпадни масла | 13 02 07 | Асфалтна база | / | 25 л/год | Се собира во буриња и чува до продажба | / | / |
| Тер од мазут | 13 07 01* | Асфалтна база | / | Не е одстран уван | ќе се собира во метално буре и чува до продажба | / | / |